

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

# ВОВЕДУВАЊЕ ВО ИСТОРИЈАТА НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ И ЛИКОВЕН ЈАЗИК

**за VII одделение**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Воведување во историјата на ликовната уметност и ликовен јазик** |
| **Изготвил** | **Кристина Стојанова** |
| **Училиште** | **ООУ „Гоце Делчев“ Битола** |
| **Вид/Категорија на наставниот предмет** | Слободен изборен предмет |
| **Одделение** | **VII** |
| **Теми/Подрачја во наставната програма** | • **Воведување во историјата на уметноста**<br>• **Ликовен јазик – Ликовни елементи**<br>• **Ликовен јазик – Ликовни принципи** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно/36 часа во текот на едно полугодие |
| **Опрема и средства** | • Аудио/визуелни средства (компјутер, видеобим, фотоапарат, печатач, звучници и други дигитални уреди).<br>• Интернет (Линкови/врски, Лаптоп, проектор, презентации во PowerPoint, видеоматеријали, ликовни материјали за сите ликовни подрачја).<br>• Репродукции од уметнички дела, ученички творби, фотографии, списанија, книги, продукти од дизајн и веб страници.<br>• Средства и материјали за цртање, сликање и изработка на скулптури (хартија, цртачки, сликарски и скулпторски материјали).<br>• Средства и материјали за истражување (Интернет, енциклопедии, прирачници, работни листови).<br>• Нагледни средства (видео записи, репродукции, книги, апликации, постери, изработки од ученици). |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следното подрачје на Националните стандарди:

***Уметничко изразување и култура***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| VIII-А.9 | да препознае и објасни како културата на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот; |
| VIII-А.11 | да препознава присуство на етноцентризам и да ги идентификува елементите во културата кои придонесуваат за негова манифестација; |
| VIII-А.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на други култури. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.1 | уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот; |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

***Јазична писменост***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| I-А.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик преку различни медиуми и за различни цели; |
| I-А.2 | да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.); |
| I-А.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |

| | |
|---|---|
| I-А.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-А.11 | да ги идентификува и анализира пораките и стилските и естетските елементи на литературните дела. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти. |

***Математика и природни науки***

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| III-А.51 | да ја објаснува интеракцијата меѓу човекот и животната средина и да ги идентификува позитивните и негативните влијанија на човекот врз животната средина; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| III-Б.8 | секоја индивидуа е одговорна за зачувување на природната средина во непосредното опкружување и пошироко и дека треба да развива еколошка свест и да делува во насока на заштита и одржливост на животната средина. |

***Дигитална писменост***

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| IV-А.1 | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие кои се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација; |
| IV-А.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-А.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини, почитувајќи ги правилата за користење; |

| | |
|---|---|
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето. |

***Личен и социјален развој***

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |

| | |
|---|---|
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

***Општество и демократска култура***

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| VI-А.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-А.13 | да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување; |
| VI-А.17 | да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги базира сопствените ставови; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.1 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| VI-Б.9 | секој граѓанин треба да преземе одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот; |
| VI-Б.10 | познавањето на историјата и географијата овозможува подобро разбирање на светот во кој живееме. |

***Техника, технологија и претприемништво***

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| VII-А.6 | да развие план за изработка на некој продукт со употребна вредност, да го изработи продуктот, користејќи соодветни материјали, алатки и постапки и да ја провери неговата функционалност; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |

| | |
|---|---|
| VI-Б.2 | успешните идеи кои водат кон лични, социјални и финансиски придобивки се резултат на креативност, иницијативност, посветеност и истрајност; |
| VI-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима; |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема 1: ***ВОВЕДУВАЊЕ ВО ИСТОРИЈАТА НА УМЕТНОСТА***
Вкупно часови: 16

**Знаења/Вештини:**

- Ја разбира разликата меѓу различните ликовни стилови;
- Може да идентификува и препознае дела на одреден автор;
- Изработува цртежи, слики и скулптури во кои го усогласува начинот на изразување преку пренесување импресија, експресија, симболика, конвенционалност и апстракција;
- Умее да набљудува, забележува и проценува ликовните вредности и содржини;
- Ги разбира ликовните дела и умее да го искажува своето мислење за истите.

**Ставови/Вредности:**

- Верува дека е важно да ги искажува своите индивидуални карактеристики во организацијата на работата, комуникацијата и во творечкиот и ликовниот израз;
- Подготвен е да преземе активности за промена и естетска интервенција во просторот во кој учи и живее.

| **Содржини (и поими) и број на часови** | **Примери на активности:** |
|---|---|
| • **Истражување и разработка на одреден уметнички стил – правец (број на часови: 4)** (уметнички стил, дела на определен автор, група автори – | • Учениците поделени во групи, истражуваат дела од одреден уметнички стил - правец при што секоја група одбира еден уметнички стил од кој издвојува дела кои потоа ги анализира преку мотивот (портрет, автопортрет, фигура, акт, жанр, животни, ентериер, пејзаж мртва природа, идејата, техниката и ги опишува со употреба на ликовен јазик. На крајот секоја група изработува |

| | |
|---|---|
| ренесанса, импресионизам, постимпресионизам, експресионизам, кубизам, сурреализам) | презентација (на хартија или дигитално) и истата ја претставува пред соучениците, со цел да ја разберат разликата меѓу различните ликовни стилови.<br>• Учениците поделени во мали групи/парови ги истражуваат особеностите на одреден лиовен автор и можат да идентификуваат и препознаат дела на одреден автор. Изработуваат постери во кои ги илустрираат неговите карактеристики, биографски податоци и најистакнати дела. Постерите се презентираат пред соучениците со детално објаснување на резултатите од истражувањето. |
| • **Учиме од делата на познатите автори**<br>**(број на часови: 12)**<br>(Леонардо да Винчи, Микеланџело, Василиј Кандински, Винсент ван Гог, Клод Моне, Салвадор Дали, Пабло Пикасо, Никола Мартиноски, Петар Мазев, линеарна перспектива во сликањето, акцентирање на боите, поинтилизам, пејзаж плен-ер (plein-air), симболизам) | • Преку видео презентација и репродукции учениците можат да ги разберат ликовните дела создадени во периодот на ренесансата, со осврт на линеарната перспектива во сликањето и умеат да го искажат своето мислење за истите. Тие создаваат ликовни творби (цртежи, слики или скулптури) инспирирани од делата на авторите кои твореле во овој период, со посебен акцент на животот и делото на Леонардо да Винчи и Микеланџело.<br>• Ги анализираме делата на Винсент ван Гог (Сончогледи, Ѕвездена ноќ). Разговараме за мотивот и техниката и во нив учениците наоѓаат инспирација да создадат слика, со темперни бои користејќи ги карактеристикте на експресионизмот со посебно акцентирање на боите.<br>• Инспирирани од делата на македонските автори Никола Мартиноски и Петар Мазев создаваат творби со акцентирање на боите.<br>• Преку репродукции и видео презентација ги анализираме делата создадени од импресионистите со акцент на минливите ефекти на светлината и лабавите потези на четката. Мотивирани од делата на Клод Моне насликани во неговите градини, учениците со акварел сликаат творба по набљудување - пејзаж плен-ер (plein-air).<br>• Преку енциклопедии и видеоматеријал учениците ги забележуваат апстрактните геометриски елементи кои се јавуваат во сликите на Кандински. Со техника колаж создаваат апстрактни творби кои во себе содржат мотиви од делата на Василиј Кандински.<br>• Ги анализираме портретите на Пикасо и учениците во мали групи издвојуваат карактеристики кои ги забележуваат во неговите дела во однос на ликовните елементи и принципи. Секој ученик изработува свој автопортрет мотивиран од апстрактните потрети на Пабло Пикасо. |

| | |
|---|---|
| | • Учениците поделени во групи ги разгледуваат сурреалистичните слики и скулптури на Салвадор Дали и го издвојуваат и презентираат пред соучениците симболизмот што го забележале. Овие откритија и забелешки им служат како инспирација за изработка на скулптури во група со техника асамблаж. |

Тема 2: ***Ликовен јазик - ЛИКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ***
Вкупно часови: 10

**Знаења/Вештини:**

- Ја разбира разликата меѓу различните ликовни елементи;
- Може да идентификува и издвојува ликовни карактеристики на предметите и појавите и умее да користи различни ликовни материјали и техники во својот ликовен израз;
- Умее да набљудува, забележува и проценува ликовните вредности и содржини во околината, да го искажува своето мислење во однос на доминантата на одреден ликовен елемент;
- Применува линии со различен интензитет и текстури во идејни решенија;
- Се изразува преку градација на големини, хармонија или контраст постигнат со големина, едноставни и сложени форми, перфорирани форми, отворени и затворени форми, дводимензионални и тридимензионални форми;
- Умее да употреби во своето изразување топли, ладни бои, хроматски и ахроматски, хармонични и контрастни бои, тонска скала, локална боја;
- Може да идентификува отворен, затворен простор, линеарна и воздушно тонска перспектива и истата да ја употреби за ликовно изразување;
- Ги разбира ликоните елементи и умее да го искажува своето мислење за истите.

**Ставови/Вредности:**

- Ја прифаќа важноста на индивидуални карактеристики во организацијата на работата, комуникацијата и во творечкиот и ликовниот израз;
- Го поддржува туѓото мислење во однос на примената на ликовните елементи.

| Содржини (и поими) и број на часови | Примери на активности: |
|---|---|
| • **Ликовни елементи** **(број на часови: 2)** (линија, текстура, тон, боја, простор, форма, насока, големина) | • Учениците поделени во групи најпрво истражуваат какви карактеристики имаат ликовните елементи во цртањето, сликањето, скултурата, графиката и дизајнот и потоа заеднички сознанијата до кои дојдоа визуелно ги прикажувааат во постер (нагледен материјал) во кој сликовито ги прикажуваат сите ликовни елементи. |
| • **Линија, насока, текстура** **(број на часови: 2)** (линија и линиски вредности, насока, природна и вештачка текстура, релјефна имитација) | • Поделени во парови учениците добиваат задача да прикажат различни текстури (природни и вештачи) и различни видови линии (контурни, текстурни линии и линии со различен карактер). Од сите поединечни творби правиме една заедничка творба која е богата со линии и текстури прикажани со различни материјали, при што учениците ги опишуваат ликовните вредности на линијата, текстурата и насоката (хоризонтална, вертикална, дијагонална или дело без насока).<br>• Поттикнати од претходната активност учениците индивидуално создаваат ликовни творби со употреба на лавиран туш во кои користат различни видови линии, текстури и насоки. |
| • **Големина, форма** **(број на часови: 2)** (градација на големини, хармонија или контраст постигнат со големина, едноставни и сложени форми, перфорирани форми, отворени и затворени форми, дводимензионални и тридимензионални форми) | • Учениците поделени во групи изработуваат колаж на поголем формат при што експериментираат со различни материјали кои можат да се употребат. Ја применуваат градацијата на големини, хармонијата или контраст постигнат со големина. Користат едноставни и сложени форми, перфорирани форми, отворени и затворени форми, дводимензионални и тридимензионални форми. На крајот ја презентираат својата изработка при што ја опишуваат големината како ликовен елемент придружуван од останатите ликовни елементи и детално ги опишуваат формите кои ги употребиле. |
| • **Боја, тон** **(број на часови: 2)** (топли, ладни бои, хроматски и ахроматски тонови, хармонични и контрастни бои, тонска скала, локална боја) | • Учениците по случаен избор ја добиваат својата задача за кој треба да истражуваат и да изработат сликовит приказ на тонска скала со ахроматски и хроматски бои, пример за комплементарен контраст, примери за топли и студени бои, хармонични бои, хроматски и ахроматски тонови и локална боја. Сите заеднички изработуваат хамер во кој ги вметнуваат претходните изработки и потоа ги презентираат пред соучениците со детален опис на сите знаења до кои стигнаа. |
| • **Простор** **(број на часови: 2)** | • Поделени во две групи учениците имаат задача да истражува за особеностите на воздушната тонска перспектива и линеарна перспекрива во отворен и затворен простор. Секоја група изработува творби со примена на поставената |

| | |
|---|---|
| (отворен, затворен простор, линеарна и воздушно тонска перспектива) | задача и детално го опишува начинот на кој го постигна тоа и кои постапки ги употреби. |

Тема 3: ***Ликовен јазик – ЛИКОВНИ ПРИНЦИПИ***
Вкупно часови: 10

**Знаења/Вештини:**

- Може да идентификува ликовни принципи во ликовните дела;
- Умее да ги препознава, идентификува и употребува ликовните елементи и принципи;
- Разбира како да го употребува ликовниот јазик за изразување на сопствените мисли, емоции, сознанија и фантазија;
- Знае да ги организира смислено и креативно ликовните принципи;
- Користи контраст на линии, форми, бои, големини и текстури во својот ликовен израз;
- Применува илузија на тридимензионалност преку употреба на градација;
- Умее да изгради ликовна творба преку употреба на регулирање на целината со доминанта на одреден ликовен елемент, со зголемување и потсилување и со употреба на хармонија по аналогија, хармонија по функција и хармонија по идеја;
- Употребува симетрична и асиметрична рамнотежа при градење на хоризонтална, вертикална, дијагонална композиција, отворена, затворена и полуотворена композиција, слободна, мрежеста, пирамидална, кружна или спирална композиција;
- Знае да користи регуларен и алтернативен ритам;
- Умее да употреби пропорција при регулирање на внатрешните односи на големините и златното сечење;
- Умее да го искажува своето мислење во однос на употребата на ликовните принципи;
- Разбира како да ги искажува своите индивидуални карактеристики во ликовниот израз преку ликовните принципи.

**Ставови/Вредности:**

- Ја прифаќа важноста за промена и естетска интервенција во просторот во кој учи и живее.

| **Содржини (и поими) и број на часови** | **Примери за активности:** |
|---|---|
| • **Запознавање со ликовните принципи – Контраст**<br>**(број на часови: 2)** | • Поделени во парови учениците истражуваат за особеностите на сите ликовните принципи и сознанијата до кои ќе дојдат ги презентираат пред соучениците.<br>По случаен избор добиваат задача да истражуваат за одреден вид на контрастот (линија, форма, боја, текстура, насока, тон и ритам) и од истражувањето да соберат пишан и визуелен материјал. Сите собрани |

| | |
|---|---|
| (контраст, ритам, градација, композиција, хармонија, единство, пропорција, рамнотежа, контраст на линии, форми, бои, големини и текстури) | резултати од истражувањето ги организираат во нагледен материјал кој го презентираат. |
| • **Градација и рамнотежа** **(број на часови: 2)** (илузија на тридимензионалност, симетрија и асиметрија) | • Учениците индивидуално имаат задача да прикажат градација на три ликовни елементи по избор при што ќе користат нестандардни скулпторски материјали за 3Д изразување. Преку употреба на градација да постигнат илузија на тридимензионалност.<br>Со користење на сложени аглести, валчести, испакнати, вдлабнати и перфорирани форми и хартии во боја изработуваат апстрактна скулптура, со акцент на рамнотежата која треба да ја постигнат со употреба на симетрија или асиметрија. |
| • **Хармонија, единство** **(број на часови: 2)** (регулирање на целината, доминанта на одреден ликовен елемент со зголемување и потсилување, хармонија по аналогија, хармонија по функција и хармонија по идеја) | • Испирација учениците наоѓаат во класичната музиката која ја слушаат со помош на акварел создаваат творби кои се одраз на хармонија и единство. Смислено ја регулираат целината со доминанта на одреден ликовен елемент со зголемување и потсилување, при што употребуваат хармонија по аналогија, хармонија по функција или хармонија по идеја. |
| • **Ритам, композиција** **(број на часови: 2)** (хоризонтална, вертикална, дијагонална композиција, отворена, затворена и полуотворена композиција, слободна, мрежеста, пирамидална, кружна и спирална композиција, регуларен и алтернативен ритам) | • Народната култура и творештво се основата во која истражуваат каков ритам и композиција се употребени во народните шари. Поделени во групи, во поголем формат, со материјали по избор изработуваат народни шари при што ги почитуваат нормите и правилата кои произлегуваат од народните шари. Осмислуваат творби со употреба на хоризонтална, вертикална, дијагонална композиција, отворена, затворена и полуотворена композиција, слободна, мрежеста, пирамидална, кружна и спирална композиција при што користат регуларен и алтернативен ритам. |
| • **Пропорција** **(број на часови: 2)** (регулирање на внатрешните односи на големините, златно сечење) | • Учениците поделени во групи изработуваат скици од различни движења на човечка фигура при што ги откриваат пропорционалните односи во телото. Вајаат во глина човечка фигура во движење со почитување на пропорционалните односи и златното сечење. |